Македонскиот центар за меѓународна соработка ги разработи **мерките на Владата со најголем ризик од злоупотреба и корупција**
,
а со кои се предвидува доделување на државна помош и донации, мерките предвидени за јавните набавки како и за инспекцискиот надзор.
**Од моментот на прогласување на вонредна состојба на 18 март 2020 година до 9 април 2020 година Владата има донесено 101 Уредба,**
а носи и низа други акти како одлуки, правилници, решенија и сл.



Од анализата може да се забележат **неколку предизвици** кои произлегуваат од сегашната ситуација.

Најпрво, постои **недостаток на транспарентност и отчетност на постапката за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба** . За да се надмине овој проблем, потребен е јавно достапен регистар во кој ќе бидат наведени називите на примателите, висината на примени средства, критериумите врз основа на кои се добиени, како и евентуални прекршувања од страна на примателите.

Понатаму, постојат **правни недоречености во уредбите кои се однесуваат на Законите за основно, средно и високо образование** . За начинот на кој ќе се одвива далечинското учење оставено им е на образовната институција и на професорите сами да одлучат. Ова може да предизвика нееднаков пристап. Исто така, не се утврдува како ќе се контролира процесот што овозможува ризик од негова злоупотреба.

**Антикризните тела** на централно и локално ниво кои ги креираат и спроведуваат мерките за време на вонредната состојба, **немаат претставници на граѓанскиот сектор** , со што оние кои директно работат на терен се исклучени од процесите.

За крај, **донесени се акти кои ги задолжуваат институциите да постапуваат на начин различен од законот, а притоа не е донесена Уредба со законска сила.** Останува нејасно, ако Владата донела заклучоци, кои се во спротивност на Законот за јавни набавки, а нив се уште не донела Уредба со законска сила, како институциите да го почитуваат овој заклучок и дали да работат во спротивност од Законот?

Во услови на криза засилен е притисокот кон државниот систем и кон оние кои ги носат мерките за нејзино сузбивање. Неизвесноста придонесува за околина во која корумпираните актери можат да ја искористат кризата. Од суштинско значење е овластувањата дадени со прогласувањето на вонредната состојба да се остваруваат само за целите за коишто биле доделени.

Анализа на мерките на Владата за време на кризата од КОВИД-19